ADING
состојка на секоја градба

# АДИНГПОКС 2

*Саморазлевен епоксиден систем за под*
*Одговара на EN 1504-2, метода 5,1(C) и 6,1(C)*

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

Саморазливен систем за завршна заштитна и декоративна обработка на бетонски подови во: лаборатории, магацини, гаражи, паркиралишта, прехрамбени производни погони, болници, училишта, трговски центри, и сл. Се препорачува како завршна обработка на простории каде се бараат високи стандарди за хигиена, во услови на хемиски агресии, голема отпорност на абење и сл. Подот овозможува одлична естетска завршна обработка, а со помош на посип од полнила и чипс се постигнува различен степен на противклизност.

## СВОЈСТВА

- одлична атхезија;
- одлична абразивна отпорност;
- одлична механичка отпорност;
- одлична отпорност на разредени киселини и бази, раствори на соли;
- одлична отпорност на минерални масла;
- водонепропусен;
- нетоксичен во врзана состојба;
- бактериолошки отпорен;
- декоративен - можност за изработка во повеќе бои;
- монолитен - подна облога без фуги;
- едноставен за изведба;
- лесен за одржување.

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| СВОЈСТВО | МЕТОД | ДЕКЛАРИРАНА ВРЕДНОСТ |
|---|---|---|
| Изглед | - | обоена вискозна смеса |
| Однос на мешање | - | А:Б=2,3:1,0<br>А:Б:Адингпокс 2 Ц компонента =2,3:1,0:5,0 |
| Густина | - | А+Б - 1,03-1,1g/cm³<br>А:Б:Адингпокс 2 Ц компонента 1,62-1,67g/cm³ |
| Јакост на притисок | EN 12190 | Класа II ≥ 50N/mm² |
| Атхезија за подлогата | EN 1542 | ≥ 2MPa |
| Капиларна апсорпција и пропустливост на вода | | w<0,1kg/m²h$^{1/2}$ |
| Абразивна отпорност | | < 3000mg |
| Отпорност на удар | EN ISO 6272-1 | класа III ≥20Nm |
| Отпоност на силна хемиска агресија (бензин, дизел, , моторно масло, 10%$CH_3COOH$, 20%$H_2SO_4$, 20%NaOH, 20%NaCl) | EN 13529 | класа II, намалување на цврстината ≤ 50% |
| UV стабилност | | нестабилен |
| Отворено време за работа (обработка) на вградениот материјал на температура од 20°C | - | до 30min |



ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk



ИНДУСТРИСКИ И СПОРТСКИ ПОДОВИ

| | | |
|---|---|---|
| Отворено време за вградување на температура од 20°C | EN ISO 9514 | 40-50min |
| Време на врзување на 25°C | - | 5h |
| Време помеѓу прв и втор слој на 25°C | - | 24h |
| Цврстина на 7 дена, на 25°C | - | А+Б = 78 Shore D<br>А+Б+Ц = 80 Shore D |
| Цврстина на 14 дена, на 25°C | - | А+Б = 80 Shore D<br>А+Б+Ц = 82 Shore D |
| Температура на подлогата и воздухот при вградување | - | 10-30˚C |
| Механичка употреба за лесен промет на температура од 20˚C | - | по 3 дена |
| Механичка употреба за тежок промет на температура од 20˚C | - | по 7 дена |
| Хемиска употреба (вклучувајќи и контакт со вода), на 20°C | | по 14 дена |
| Температурна стабилност при експлотација | - | од -20°C до +60°C |

## МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗВЕДБА

**ПОГОТОВКА НА ПОДЛОГАТА**

Подлогата треба да е здрава, сува, чиста, обезмастена, обезпрашена и задолжително треба да биде хидроизолирана, поради неотпорноста на епоксидните обработки од негативен хидростатски притисок. Влажноста на подлогата треба да биде помала од 7%, а температурата при вградување од 10-30°C. Релативната влажност на воздухот при вградување потребно е да биде помала од 70%, со цел да се избегне кондензација на површината за обработка. Доколку не се почитува ова ограничување може да настане нерамномерна промена на бојата на премазот, матирање или појава на дамки, но физичките и хемиските својства материјалот ќе останат непроменети.

Нова бетонска подлога

Бетонот треба да биде одлежан најмалку 28 дена, да има минимална јакост на притисок од 25 MPa и да не содржи поголема влажност од 7%. Доколку на конструкцијата има остатоци од цементно млеко, малтер, флеки од боја и масло, тие треба да се отстранат. Завршно подлогата треба да се обеспраши со индустриска правосмукалка.

Стара бетонска подлога

Здрава и чиста подлога се главни предуслови за постигнување одлична атхезија. Како и кај новата бетонска подлога, отстранувањето на цементното млеко се врши по механички пат. Пенетрираните маснотии и нечистотии во подлогата треба да се отстранат со детергенти или специјални препарати за таа намена. Сите оштетувања на подлогата треба да бидат санирани користејќи соодветни материјали.

Стара епоксидна подлога

Обработката е со површинско орапавување на површината со шмиргла и обеспрашување на подлогата.

**ВГРАДУВАЊЕ**

Подлогата која се обработува, треба да биде прајмерирана со Адингпокс 1П или 1ПВ (кај подлогите од епоксид нема потреба од прајмерирање). Нанесувањето се изведува со втријување на прајмерот во подлогата со крзненваљак. Кај високо порозни подлоги може да има потреба од повторно прајмерирање на подлогата, пред нанесувањето на завршната обработка од Адингпокс 2. Пред замешување на материјалот, потребно е А компонентата да се промеша 2-3 минути со електричен бавен мешач (150 до 200 вртежи/min), по што се додава Б компонетата и се меша до потполно воедначување. Поради постигнување на поголема дебелина на подот, зголемување на неговата отпорност на абразија и подобрување на физичко-механичката отпорност на подот, се препорачува на замешаната количина од Адингпокс 2 (А+Б) 3,3kg, да се додаде Адингпокс 2 Ц компонента 5kg за мало пакување, односно (Адингпокс 2 (А+Б) 11,5kg, се додава Аднгпокс 2 Ц компонента 17,5kg за големото пакување. Изведбата на епоксидната обработка треба да биде во согласност со отвореното време за работа со материјалот.



ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

Вградувањето се изведува со назабена или гумена глетарка, по што нанесениот слој се обработува со боцкав валјак, за да се истисне заробениот воздух од епоксидниот слој. Обработката на вградениот материјал треба да се изведе во период од 15-20 минути, по вградувањето. Температурата на подлогата и амбиенталната температура треба да биде од 10°C до 30°C.

## ОДРЖУВАЊЕ

Долговечноста на обработката зависи од правилното одржување. Подот обработен со Адингпокс 2 може да се чисти со машини со ротациони меки четки, со детергенти што се растворени во вода или со топла вода на температура до 30°C.

## ПОТРОШУВАЧКА

Адингпокс 1П: 0,2-0,35 kg/m²
Адингпокс 2 (А+Б), за слој од 2mm: 2,2kg/m²
Адингпокс 2 (А+Б+ Адингпокс 2 Ц компонента), за слој од 2mm: 3,3kg/m²

## ЧИСТЕЊЕ

Алатот и опремата се чистат со Ратворувач П веднаш по употребата.

## ПАКУВАЊЕ

Адингпокс 2
Во сетови А+Б: 3,3kg
А компонента: 2,3kg
Б компонента: 1,0kg

Адингпокс 2
Во сетови А+Б: 11,5kg
А компонента: 8,0kg
Б компонента: 3,5kg

Адингпокс 2 Ц компонента
вентил вреќа: 5,0kg
вентил вреќа: 11,5kg

## СКЛАДИРАЊЕ

Во оригинална, затворена амбалажа, во суви простории, на температура од 10-30°C, заштитен од директно сонце и замрзнување. Рок на употреба: 9 месеци.

## СТАНДАРДНИ БОИ

RAL1001, RAL1015, RAL3012, RAL5024, RAL6019, RAL6021, RAL7004, RAL7032, RAL7035, RAL7045, RAL9002
Забелешка: Останатите бои од RAL картата можат да се изработат при минимална порачка на Адингпокс 2 (А+Б) од 70kg.



АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

## ОЗНАКА ЗА СЕРТИФИЦИРАН ПРОИЗВОД

CE

**2032**

**АДИНГ АД Скопје** Новоселски пат (улица 1409) бр.11, 1060 Скопје, Македонија

**17**

**2032 - CPR - 11.5C**

**EN 1504-2:2004**
**АДИНГПОКС 2**

Саморазлевен епоксиден систем за површинска заштита на бетон, за зголемена физичка и хемиска отпорност на бетонски подни површини

| | |
|---|---|
| Јакост на притисок | Class II ≥ 50 N/mm$^2$ |
| Адхезивна јакост со pull-off тест: | ≥ 2,0 N/mm$^2$ |
| Капиларна апсорпција | w < 0,1 kg/m$^2$h$^{0.5}$ |
| Отпорност на абразија | < 3000 mg |
| Отпорност на удар | Класа III ≥ 20 Nm без појава на пукнатини и деламинација |
| Отпорност на силно хемиско влијание: | Класа II; 28 дена без притисок ≤ 50% намалување на Шор цврстина по третман во течности за тестирање: бензин, дизел, моторно масло, 10%$CH_3COOH$, 20%$H_2SO_4$, 20%NaOH, 20%NaCl |
| Реакција на пожар | Еврокласа F |
| Опасни супстанции | неопределено |

Опасност по здравјето: Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата или очите, како и директно вдишување при мешање на А и Б компонентата. При ненадеен контакт, производот треба веднаш да се отстрани со сува крпа или благо наквасена со Растворувач П, а потоа местото добро да се измие со чиста вода и сапун. Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднаш да се исплакнат со чиста вода и да се побара медицинска помош. Потребно е да се обезбеди проветрување на просториите каде што се работи со смоли и растворувачи.
Пожар: Производот не е запалив.
Чистење и депонирање: Неврзани остатоци од Адингпокс 2 се чистат со Растворувач П. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип отпад.
Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на соодветна опрема.